**Р Е Ф Е Р А Т**

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕТОДИКА И ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

Со Одлука бр.1602-226/49 од 2.9.2015 година, донесена на 80. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 2.9.2015 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *методика и образование на наставници* на Факултет за образовни науки при УГД – Штип, во следниот состав:

– проф. д-р Лена Дамоска (претседател) – редовен професор на Институт за педагогија при Филозофски факултет, УКИМ - Скопје;
– проф. д-р Снежана Јованова-Митковска (член) – вонреден професор на Факултет за образовни науки при УГД - Штип;
– проф. д-р Соња Петровска (член) – редовен професор на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 21.8.2015 г., согласно со Законот и во склад со Одлуката за распишување Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област методика и образование на наставници, Одлука бр.1602-194/16 донесена на 79. седница на ННС од 19.8.2015 година.

Во предвидениот рок на него навремено се пријави само д-р Кирил Барбареев, актуелен доцент на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како единствен кандидат за избор во звање.

Врз основа на уредно приложената, целосна и комплетна документација на кандидатот, доставените материјали и преземени активности согласно со Законот за високо образование („Сл. весник на РМ“ 35/2008 и др.) чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки при УГД – Штип, во дадениот рок, да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Кирил Барбареев** е роден на 1 јули 1976 година во Штип. Основно и средно образование завршува во родниот град Штип. Во учебната 1997 година се запишува на Педагошки факултет во Штип, на Одделот за предучилишно воспитување. Во учебната 2001 година дипломира со просек 9,21 и се стекнува со диплома - дипломиран професор - воспитувач, за што добива признание од ректорот на УКИМ - Скопје за најдобар студент на Педагошки факултет во генерацијата 1997/2001.

Во учебната 2002/2003 година се запишува на постдипломски студии на Институт за педагогија на Филозофски факултет при УКИМ во Скопје. Предвидените испити со Програмата за постдипломски студии ги завршува со просечен успех 9,68. Во јули 2007 година го брани магистерскиот труд со наслов *„Локалниот курикулум во воспитно-образовната работа со децата од подготвителната година“* и се стекнува со академско звање магистер по педагошки науки.

Во 2007 година пријавува тема за изработка на докторска дисертација на Институт за педагогија на Филозофски факултет при УКИМ во Скопје на тема *„Образованието и професионалниот развој на воспитувачите во предучилишното воспитание и образование“*. Во ноември 2010 година успешно ја брани докторската дисертација, со што се стекнува со академско звање доктор на педагошки науки.

Од докторирањето до денес активно е вклучен во реализацијата на наставата, курикуларните активности на Факултетот и на Универзитетот „Гоце Делчев“. Активно учествува во редизајнирањето на програмите од прв, втор и трет циклус студии (студиски и предметни програми), вклучен е во бројни проектни активности насочени кон унапредување

на квалитетот на едукација на наставничкиот кадар, квалитетот на нашиот воспитно-образовен систем.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, УГД - Штип (бр. 2102-47/4 од 24.2.2011 год.) д-р Кирил Барбареев е избран во наставно-научно подрачје образование, во наставно-научната област педагогија и методика.

Во последниов изборен период има објавено најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни публикации и списанија индексирани во релевантни, за неговите области на проучување, дата бази (Ebsco, Google scholar, Scopus).

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| *1* | *Popeska, Biljana and* ***Barbareev, Kiril*** *and Janevik-Ivanovska, Emilija* | *Organization And Realization Of University Sport Activities In Goce Delcev University – Stip. 7th World Conference on Educational Sciences* | *Procedia - Social and Behavioral Sciences, 197. pp. 2293-2303. ISSN 1877-0428* | *7 години* |
| *2* | *Popeska, Biljana and Jovanova-Mitkovska, Snezana and* ***Barbareev, Kiril*** | *Manifestation, measurement and assessment of balance at 7 years old children* | *Research in Kinesiology, 1 (43). pp. 115-121. ISSN 1857- 7679* | *5 години* |
| *3* | *Janevik - Ivanovska, E., Mitrev, S., Boev, B., &* ***Barbareev, K.*** | *Integrated university - What integrated education and science can provide more* | *Procedia - Social and Behavioral Sciences 197. ISSN 1877-0428* | *7 години* |
| *4* | ***Barbareev, K.*** | *The epochal personality of the teacher* | *European Pedagogical Studies, National Pedagogical Dragomanov University Publishing, Issue 3-4.* | *5 години* |
| *5* | ***Barbareev, K.*** | Key Recommendations of European Institutions and Other International Organizations for Initial Education of Teachers. | *The modern, society and education, Collection of paper of the VI international Balkan Congress for education and Sciences, 2011, p.21-28* | *9 години* |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

***Наставно-образовна дејност***

Доц. д-р Кирил Барбареев е избран за доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во 2011 година. Рефератот за неговиот избор е објавен во Универзитетски билтен бр. 53 од 1.2.2011 година.

Од неговиот избор за помлад асистент, асистент и доцент, од учебната 2011/2012 година па сè до денес, кандидатот д-р Кирил Барбареев со огромен ентузијазам и креативност ја реализира наставата (предавања, вежби) со студентите од прв и втор циклус студии на: Факултет за образовни науки, Филолошки факултет, Правен факултет, Факултет за туризам, поконкретно настава од предметите: Педагогија (прв циклус); Предучилишна педагогија (прв и втор циклус), Образование и професионален развој на учителот (прв и втор циклус); Драмско воспитание (втор циклус), Методика на воспитно-образовна работа

по култура на говорот 1 и 2 (прв и втор циклус), Методика на одделенска настава (прв циклус); Курикулум (втор циклус), Методика на предучилишно воспитување (прв циклус); Методика (студенти од ненаставнички факултети), Култура на комуницирање (Факултет за туризам и бизнис логистика и Правен факултет) на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Доц. д-р Кирил Барбареев солидно го владее англискиот јазик, за што има доставено и соодветна документација.

За потребите на наставата, д-р Кирил Барбареев во последниот изборен период има објавено рецензирана скрипта и практикум за предметите кои ги предава на Факултетот за образовни науки:

- Барбареев, К. (2014). Методика на воспитно-образовна работа по култура на говорот 1, 2, Штип: УГД (рецензирана скрипта);
- Барбареев, К. (2014). Методика на воспитно-образовна работа по култура на говорот 1, 2, Штип: УГД. (практикум);

со што даде свој значаен придонес во збогатувањето на стручната литература, оскудна во оваа област во Република Македонија и им излезе во пресрет на потребите и барања на студентите.

***Автор е и на поглавје од книга:***

- Барбареев, К.*(2012). Иницијалното образование на воспитувачите за предучилишно воспитание и образование, Initial Education of Educators in Preschool Education", во Нови практики во детските градинки (New Practices in Kindergarten's). Tempora Veritas, pp.17-27. ISBN 978-608-4612-03-2.*

***Книга за деца (превод) и аудио книга:***

- Барбареев, Кирил, Милованович, Драган и Боев Блажо *(2012) Глистон патива во земјата, Штип:* „2-ри Август", Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

***Научноистражувачка активност***

Научниот ангажман на доц. д-р Кирил Барбареев упатува на неговата насоченост за разрешување на клучни прашања и проблеми со глобален карактер, а се однесуваат на позицијата, улогата, третманот, професионалниот и кариерниот развој на учителите во функција на унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот систем, разрешување на дилемите во педагогијата како наука, потребите од иновирање на методската, педагошка практика. Тој е млад надежен кадар кој со својата академска ангажираност дава значаен придонес во развојот и напредокот на педагошката наука и наставната пракса.

Доц. д-р Кирил Барбареев е автор на бројни трудови (стручни, научни) популаризирани во форма на реферати, секциски и пленарни предавања на меѓународни конференции, симпозиуми, трибини.

***Учество на конференции, симпозиуми, трибини во последниот изборен период кои резултираат со објавување во научни списанија (2011-2015)***

1. Biljana Popeska, **Kiril Barbareev**, Emilija Janevik-Ivanovska (2015). *ORGANIZATION AND REALIZATION OF UNIVERSITY SPORT ACTIVITIES IN GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP*. 7th World Conference on Educational Sciences, (WCES-2015), 05-07 February 2015, Novotel Athens Convention Center, Athens, Greece
2. Janevik-Ivanovska, E., Mitrev, S., Boev, B., & **Barbareev, K.** (2015). *INTEGRATED UNIVERSITY - WHAT INTEGRATED EDUCATION AND SCIENCE CAN PROVIDE MORE*, at 7thWorld Conference on Educational Sciences WCES, 05 - 07 February 2015, Athens, Greece.
3. Popeska,B., Janevik-Ivanovska,E., **Barbareev,K., J**ovanova – Mitkovska, S. (2014.) *SPORT AND RECREATION ACTIVITIES AT THE "GOCE DELCEV" UNIVERSITY - SHTIP, REPUBLIC OF MACEDONIA - DIFFERENCES IN STUDENTS OPINIONS FOR ITS REALIZATION IN DEPENDENCE ON CERTAIN CHARACTERISTICS*, 7th Interna-

tional Scientific Conference ”Sport, Stress and Adaptation”, 9 – 12 October, 2014, SOFIA: National Sport Academy “Vasil Levski”, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/1146

4. **Barbareev, Kiril**. (2014). *WHY STANDARDS ARE IMPORTANT FOR EARLY CHILDHOOD EDUCATION*? In: International conference Practicum of Future Pedagogues, Teachers and Kindergarten Teachers in Multicultural Environments – Experiences and Challenges, 27-29 Nov 2014, Skopje, Macedonia. (Unpublished)
5. Popeska, B., Jovanova-Mitkovska, S., & **Barbareev, K.** (2014) *MANIFESTATION, MEASUREMENT AND ASSESSMENT OF BALANCE AT 7 YEARS OLD CHILDREN*, 18th Symposium on Sport and Physical Education of Youth, 26 - 27 September, Ohrid, Federation of the Sports Pedagogues of the Republic of Macedonia, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12278
6. **Barbareev, K.** (2014). *(RE) FORMS IN THE EDUCATIONAL SYSTEM OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA*. In: Scientific Conference: 15 May, 2014. Department of Pedagogy, University “Ss. Cyril and Methodius” - Skopje
7. **Barbareev, K.** (2014). *THE CURRICULUM AND SOCIETY*. In: 5. International Scientific and Expert Conference. Cultural Identity in the Digital Era, 03-04 Apr 2014, Zenica, Bosnia and Herzegovina
8. **Barbareev, K.** (2012). *TRANSFORMATION OF PEDAGOGY FACULTY IN FACULTY OF EDUCATIONAL SCIENCES*. In: International Scientific and Expert Conference Education for the Future, 24-25 May 2012, Zenica, Bosnia and Herzegovina.
9. **Barbareev, K.** (2012). *BOLOGNA PROCESS: CHALLENGES AND OPPORTUNITIES FOR THE EDUCATION OF PRESCHOOL TEACHERS*. In: International Scientific Conference: 18 – 19.5.2012, Veliko Trnovo.
10. **Barbareev, K.** (2012). *CULTURE OF QUALITY IN UNIVERSITY TEACHING*. South East European University a National Higher Education Conference Quality of Learning and Teaching: Policy and Practice. 12 June 2012.
11. **Barbareev, K.** (2011). *KEY RECOMMENDATIONS OF EUROPEAN INSTITUTIONS AND OTHER INTERNATIONAL ORGANIZATIONS FOR INITIAL EDUCATION OF TEACHERS*. In: International Congress on the Topic of: “Modern Society and Education”, 30 September – 1 October, 2011, Ohrid, Macedonia.
12. **Barbareev, K.** (2011). *MODEL OF TEACHER EDUCATION AND PROFESSIONAL DEVELOPMENT OF THE TEACHER / EDUCATOR*. In: International Scientific Symposium: The upbringing and education between traditional and modern, 22 to 24 September 2011 Ohrid, Macedonia.
13. **Barbareev, K.** (2011). *COMPETENCES AS A PROFESSIONAL STANDARD*. III Symposium of international participation. “Education in 21 century”. Bitola, 09.12.2011.

***Трудови објавени во списанија (домашни, меѓународни)***

14. Barbareev, Kiril (2014) Иницијалното образование на воспитувачите и учителите во Холандија - Педагошки факултет (Pedagogische Academie) во Гронинген. Воспитание - списание за образовна теорија и практика, 9 (13). ISSN 1857- 8705
15. Barbareev, Kiril (2013). The epochal personality of the teacher. European Pedagogical Studies, 3-4.

***Во изборниот период реализира и неколку студиски престои кои имаат посебно значење за неговиот професионален ангажман и ориентација т.е.***

– 18-дневен студиски претстој во 2015 година на Педагошкиот факултет во Марибор, Словенија, преку ЕРАЗМУС програмата за мобилност на наставнички кадар;
– 23-дневен претстој (4 – 27 ноември 2014 година) во Хаифа, Израел, стипендиран од Владата на Израел на Интернационалната работилница за ран детски развој и образование.

***ЕВАЛУАЦИЈА НА ОБЈАВЕНИТЕ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ НА ДОЦ. Д-Р КИРИЛ БАРБАРЕЕВ ВО ИЗБОРНИОТ ПЕРИОД 2011-2015 ГОД.***

- Насловот на трудот „***Organization And Realization Of University Sport Activities In Goce Delcev University***“ упатува на идејата на авторите за нивните заложби, насочени кон унапредување на оваа значајна компонента од развојот на Универзитетот, така и на придонесот што го имаат спортот и спортските активности за развојот на младите индивидуи, студентите.
- „***Integrated university - What integrated education and science can provide more***“ е насловот на трудот во кој авторите на еден доста експлицитен, концизен начин ги истакнуваат вредноста и можностите што ги има интегрирано образованието и науката како пат за остварување на повисоки резултати.
- Во трудот со наслов ***„Sport and recreation activities at the “Goce Delcev” University - Shtip, Republic of Macedonia - differences in students opinions for its realization in dependence on certain characteristics“*** се презентирани резултати од реализирано истражување за мислењата и ставовите на студентите за спортот, спортските активности на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Посебно внимание заслужуваат препораките, заклучоците во насока на унапредување на овој доста значаен сегмент за развојот на младите, развојот на Универзитетот, воопшто.
- Во трудот со наслов ***„Why standards are important for early childhood education?“*** авторот упатува на значајноста за воспоставување на стандарди во предучилишното образование како водилка кон квалитетна нега, едукација, квалитетен развој на децата од предучилишна возраст. Нивната имплементација е условена од квалитетниот наставнички кадар, постојано насочен на унапредување на својот професионален развој.
- ***„Manifestation, measurement and assessment of balance at 7 years old children“***, труд во кој се елаборирани теоретските и практичните аспекти на манифестацијата, мерењето и оценувањето на рамнотежата кај децата од 7-годишна возраст, како и застапеноста на содржини за овој сегмент во програмата за второ одделение. Презентирани се резултати од тестирање на децата од 7-годишна возраст и понудени тестови кои можат да дадат значајни резултати за идентификување и унапредување на овој значаен сегмент од моторичкиот развој на децата.
- Анализата на иницијалното образование на воспитувачите и учителите во Холандија, увидот на образованието на учителот во Холандија, неговите слаби и јаки страни, како основа за споредба и иницијатива за промени на иницијалното образование кај нас е предмет на елаборација на трудот ***„Иницијалното образование на воспитувачите и учителите во Холандија - Педагошки факултет (Pedagogische Academie) во Гронинген“.***
- ***(Re) forms in the educational system of the Republic of Macedonia***. Во трудот авторот говори за проблемот (ре)форми на нашиот воспитно-образовен систем, истакнувајќи ги притоа клучните фактори за слабостите и препреките на кои се наидува во креирањето на образовните политики.
- ***„The curriculum and society“ -*** Низ обидите да одговори на неколку клучни прашања: Дали квалитетот на универзитетската настава дошол на ниво на метафизика и станал суштина на себеси? Дали користиме модели на мотивација за академски постигнувања на студентите и наставниците на универзитетите во Македонија? Дали постои култура на квалитет? Авторот укажува на поврзаноста на едукацијата, образованието, поконкретно курикулумот со идентитетот на општеството, општествените збиднувања. Всушност, одредувањето на целта на образованието, содржините и методите на образованието се само дел од педагошката визија на иднината на општеството, одредува што всушност членовите во општеството можат да бидат и кој човеков потенцијал може да се развие. Наставните планови и програми се само повеќе или помалку успешна слика на она што било општеството во минатото, што е сега и што сака да биде во иднина.
- Личноста на учителот, неговата улога и значење за развојот на младите генерации, за развојот на општеството, во минатото, сегашноста, иднината е предмет на елаборација на трудот ***“The epochal personality of the teacher“.***

- Потребата да се оди во чекор со времето, со современите образовни трендови, да се даде свој придонес во развојот на високото образование, посебно едукацијата на наставничкиот кадар на учителските, педагошките факултети, потребата за промена на образовната парадигма за образованието на наставниците, градењето на идентитет на овие институции како клучни во образованието на кадри за секој контекст во општеството каде што постои процесот на образование и воспитание е предмет на елаборирање на трудот ***„Transformation of Pedagogy Faculty in Faculty of Educational Sciences“.***
- ***„Bologna Process: Challenges and Opportunities for the Education of Preschool Teachers"*** е наслов на трудот во кој авторот го елаборира проблемот со предизвиците и можностите за трансформација на институциите за едукација на воспитувачи во согласност со Болоњските процеси.
- ***„Key Recommendations of European Institutions and Other International Organizations for Initial Education of Teachers“***. Во трудот се анализирани неколку стратешки документи на институциите на ЕУ и други меѓународни институции кои работат на проучување на системот на образование на наставниците. Анализата на документите укажува на тоа дека промените во националните системи се условени од меѓународните трендови, па во зависност од тоа и креирањето на националните системи за иницијално образование на наставникот треба да претставува предизвик за соочување со глобалните трендови, но и почитување на она што значи традиција, востановен систем на вредности.
- Обидот за разрешување на едно од клучните прашања, прашањето за образование и професионалниот развој на воспитувачите и понудата на модел на едукација на воспитувачите е предмет на разработка на овој труд со наслов ***„Model of Teacher Education and Professional Development of the Teacher / Educator“.***
- Развојот на компетенциите на наставничкиот кадар како клучно прашање кое е постојано присутно во педагошката јавност без кое не може да се замисли ни квалитетната воспитно-образовна работа е предмет на елаборирање на трудот **„Competences as a professional standard“.**

***Стручно-апликативна дејност***

Доцент д-р Кирил Барбареев својот професионален ангажман го пројавува и преку учество (најразлични улоги - обучувач, модератор на работилници, учесник) во работилници, насочени кон унапредување на квалитетот на образованието на наставниците:

- март 2015 г., координатор на работилница „Бабини игри“ - работилница наменета за примена на бабините игри, наменета за студенти, наставници, воспитувачи, соработници од детските установи, основни училишта;
- 2015-2017 г., ментор и обучувач на проект на УСАИД „Заедници за учење“, Подигање на јазичната и математичка писменост кај децата од прво до петто одделение;
- 2015 г., член на Работна група за унапредување на наставничката професија;
- 2015 г., советник во проект „Туторска поддршка на ученици Роми кои учат во основно образование во Р.Македонија”;
- октомври 2014 г., едукатор, тема „Од воспитување до знаење“ - Штип, во организација на Јога сојузот на Македонија;
- мај 2014 г., едукатор, тема „Академските мрежи и развојот на високото образование во Југоисточна Европа“, во организација на ДААД;
- март 2012 г., едукатор, тема: „Подигање на свесноста за лицата со хендикеп“, во организација на Фондацијата за развој на локалната заедница Штип и Младински образовен форум - Скопје, финален настан на Вербал клубот дел од проектот „Младинска независност“;
- 2012 г., „Градење на капацитетите за јазична и математичка писменост“ – УНИЦЕФ;
- 2012 г., „Во светот на детето“, Организација на жените на Општина Струмица;
- 2013 г., обучувач, НВО Витраж, БРО Скопје – Современи методи во наставата, активно вклучување на учениците и поттикнување на нивната креативност;

- декември 2011 г., едукатор, тема „ЕКТС (не) е клучен елемент за квалитетот на универзитетската настава“.
- ноември 2011 г., едукатор, тема „Култура и спорт“, Мултимедијален центар УГД.

***Како консултант, главен истражувач и раководител учествува во реализација на неколку проекти:***

- **2010 – 2014 г.,** истражувач-консултант во „Tempus STREW project No: 511355-TEMPUS-1-2010-1-RS-TEMPUS-SMHES Building Capacity for Structural Reform in Higher Education of Western Balkan Countries“;
- **јули 2011 до мај 2012 г.**, истражувач консултант во проектот „Bridging Universities and Business for Enhancing Employability Skills for Students (BRIDGES)“; Partners: American University in Bulgaria, Goce Delcev University, Macedonia;
- **2013 г., истражувач,** во The Directorate-General for Education and Culture of the European Commission Study on Teacher Education and Training for Primary and Secondary Education (ISCED levels 1 to 3) in the Western Balkan countries;
- **2015 г., истражувач во „Multiethnic concept in education“;** „Иницијатива за зајакнување на наставничката професија“ (Министерство за образование и наука, Холандска влада);
- **2015 – 2017 г., „Заедници за учење“,** Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ – УСАИД, Македонија.

Преку учество на повеќе трибини и јавни настапи го промовира значењето на наставничката професија. Како раководител на Катедрата за дидактика и методика активно се вклучува во подготовката и реализацијата на две научно-тручни трибини по повод 5 октомври - Денот на учителот. На првата Научно-стручна трибина има свое пленарно излагање на тема „Магистер дистрикт“.

Добитник е на бројни сертификати и признанија за неговиот исклучителен ангажман и придонес во развојот на педагошката наука, од кои посебно внимание заслужува добиениот медал од Универзитет Драгоманов (мај 2013 г.) за значајниот придонес во ширењето на европските вредности, награда која се доделува за исклучителен придонес остварен преку академските и лични достигнувања во областа на педагогијата, филозофијата, историјата, културата, уметноста, како и економската, правната и социо-политичката сфера.

Во последниот изборен период доц. д-р Кирил Барбареев своите научноистражувачки и стручни дострели ги споделува низ учество на повеќе симпозиуми, конференции, трибини. Истото е поткрепено со соодветни признанија, сертификати.

***Организационо-развојна дејност***

Кандидатот доц. д-р Кирил Барбареев, несебично е вклучен во промовирање на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, посебно промоцијата на Факултетот за образовни науки, „главен виновник“ за неговото преструктурирање од Педагошки факултет во Факултет за образовни науки.

Доц. д-р Кирил Барбареев е член на повеќе универзитетски/факултетски органи и тела.

***Мај 2011 г. до денес:***

- проректор за развој, инвестиции и одржување на УГД;
- член на Асоцијација на ректори на педагошки универзитети на Европа;
- раководител на Центар за односи со јавноста на УГД;
- раководител на Надзорен одбор на Универзитетски спортски центар;
- портпарол на УГД.
- **2014 г. до денес:**
- раководител на Оддел за предучилишно воспитание на Факултет за образовни науки.
- **2011 - 2014 г.:**
- раководител на Катедра за дидактика и методика на Факултет за образовни науки.

Доц. д-р Кирил Барбареев е член на: Уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание European pedagogical studies; член на Уредувачки одбор на *Годишниот зборник* на Факултет за образовни науки; Уредувачкиот одбор на списание *Воспитание* - Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип*; Комисијата за ревидирање на студиските програми на Педагошки факултет во Штип* (2012); Комисијата за подготовка на Елаборат за организирање на трет циклус студии на академски универзитетски студии (2012); Уредувачки одбор на Зборник на трудови од Научно-стручна трибина (2013-2015).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата со задоволство констатира дека според објавените научни и научно-стручни трудови, учеството во научноистражувачки проекти, учеството на интернационални и домашни конференции, симпозиуми, конгреси, изведување на настава од повеќе предмети од областа на педагогијата, методиката, образованието на наставниците, како и другите активности наведени во рефератот, доц. д-р Кирил Барбареев поседува извонредни квалитети за наставна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациска работа.

Според Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Универзитетски гласник бр. 31, мај 2014 год.), кандидатот доц. д-р Кирил Барбареев ги исполнува критериумите да биде избран во звање вонреден професор и за целокупната активност во извештајниот период има остварено (НО+НИ+САОР) = 232,5 бода.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки да го усвои нашиот предлог и кандидатот доц. д-р Кирил Барбареев да го избере во звање вонреден професор во наставно-научната област методика и образование на наставници.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Лена Дамоска, редовен професор,**
**претседател, Филозофски факултет, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Снежана Јованова-Митковска, вонреден професор,**
**член, Факултет за образовни науки, УГД, Штип, с.р.**
**Проф. д-р Соња Петровска, редовен професор, член,**
**Факултет за образовни науки, УГД, Штип, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**
**(д-р Кирил Барбареев за период 2011-2015 г.)**

| Ред. бр. | НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| 4 | Избор во звање доцент | 30 | |
| | **ВКУПНО** | **30** | |
| **Ред. бр.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени** | |
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 3 | Прегледен труд<br>Трудови со реден број 1,2,4,7,8,9,10,11,13<br>(СЦИ/ЦА/останати) | **45** | |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати,<br>објавени во научно списание опфатено во<br>(СЦИ/ЦА/останати)<br>Трудови со реден број 3,12 | **12** | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Труд со реден број 5 | 1 | |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба<br>Пленарно предавање на Научно-стручна трибина ФОН 2013 „Магистер дистрикт“ | 3 | |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), во земјава 4, 5, 6, 10,11,12,13 и во странство1, 2, 3, 7, 8, 9 | 10,5 | 12 |
| 13 | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти) 3x3 странство, 3x2 во земјава | 6 | 9 |
| 15 | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)<br>European pedagogical studies | 4 | |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал (Научно-стручна трибина, ФОН, 2013,2014) 2x1 | 2 | |
| 21 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, награди<br>(награда од Драгоманов Универзитет, мај 2013) | | 10 |
| 22 | Студиски престој во странство | 8 | |
| | ВКУПНО | **122.5** | |
| **Ред. бр.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | |
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 1 | Книга<br>(аудио книга) | 10 | |
| 2 | Поглавје од книга | 4 | |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание<br>Трудови со реден број 14,15 | 2 | 6 |
| 10 | Член на уредувачки одбор на стручно списание<br>Воспитание, Годишен зборник на ФОН | 1 | |
| 17 | Елаборати и експертизи (елаборат за втор и трет циклус студии) | 2 | |
| 21 | Проректор | 15 | |

| | | |
|---|---|---|
| 22 | Претседател на универзитетски<br>или владини тела<br>Претседател на надзорен одбор на Универзитетски спортски центар<br>Раководител на Центар за односи со јавноста на УГД<br>Портпарол на УГД<br>3x10 | 30 |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија<br>Раководител на Катедра за дидактика и методика<br>Комисија за ревидирање на програми<br>Комисија за изготвување елаборати за втор и трет циклус студии | 6 |
| 30 | Класен раководител, согласно со Кредит<br>трансфер системот - ЕКТС (за четири години)<br>Раководител на Оддел за предучилишно воспитување | 4 |
| | **ВКУПНО** | **80** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД НО, НИР и САОР** | 30+122.5+80 = 232,5 |